MACEDONIAN

Clean your home safely

Идеи за безбедно и ефикасно чистење

# Лесен прирачник за чистење со еколошки средства




our environment it's a living thing





**Чистењето со природни средства или 'чистење со еколошки средства' е начин на кој можете да го чистите вашиот дом со помалку продукти за чистење и со побезбедни средства – со што се прават помалку отпадоци и се намалува потребата за штетни хемикалии.**

Во повеќето домаќинства има многу повеќе средства за чистење отколку што навистина се потребни. Овие средства за чистење создаваат отпадоци од амбалажата кои се фрлаат на депонија, а продуктите за чистење можат да му штетат на човековото здравје и на природната околина.

Меѓутоа, ние не треба да ги користиме сите овие продукти за чистење за да ни биде чиста куќата. За да можете да чистите добро, евтино и безбедно низ вашиот дом, се што ви треба се следните основни состојки (плус малку 'црнчење').







## Вашиот прибор за чистење од природни средства

**Сите овие состојки можете евтино да ги купите во вашиот локален супермаркет.**

**Сода бикарбона** чисти, отстранува непријатни мириси, ја омекнува водата, и е добар прашок за чистење со стружење/триење. Чувајте го во солник за протресување брашно за да остане сув.







**Бел оцет** ги раствора мастите, отстранува непријатни мириси и е благо средство за дезинфекција. Измешајте ја со во вода, половина на половина, и чувајте ја во шише за прскање.




**Чист сапун** е средство за чистење за општа употреба кое целосно биолошки се разложува.

**Сок од лимун** е благо средство за белење, отстранува непријатни мириси и е агенс за чистење.



**Сода (бикарбона) за чистење/миење** ги раствоара мастите и отстранува флеки.







**Боракс** е минерална сол која се јавува природно. Бораксот чисти, отстранува непријатни мириси, бели и дезинфицира. Бораксот исто така се користи за отстранување/контролирање на штеточинки, на пример, мравки и лебарки.

## како да чистите природно

**За да чистите со природни средства, треба да запамтите само ТРИ работи.**

- НАМАЛУВАЈТЕ
- БИДЕТЕ ПАМЕТНИ
- РАЗМИСЛУВАЈТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**НАМАЛЕТЕ** со користењето на средствата за чистење во домаќинството со тоа што ќе ги купувате помалку, ќе ги користите помалку и ќе барате природни, побезбедни средства.

**БИДЕТЕ ПАМЕТНИ** кога пазарите, читајте ги етикетите за да избегнете да го купите поотровниот продукт и за да го купите само тоа што ви треба.

**РАЗМИСЛУВАЈТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА** кога работите со средствата за чистење и кога ги складирате, и отстранувајте ги законски и безбедно.

# Универзално средство за чистење

Топла вода измешана со чист сапун или бел оцет е ефтино и лесно повеќенаменско средство за чистење насекаде во домот.



## Во купатилото

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА КЛОЗЕТИ** Направете смеса од боракс и сок од лимун за чистење на несептични клозетски шолји.

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА КЕРАМИКА** Чистете ги плочките, мијалниците, клозетите и кадите користејќи влажна крпа со сода бикарбона.

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОГЛЕДАЛА** Ставете евкалиптусово масло со хартија од весник за да спречите огледалото да се замагли.



## Во кујната

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ** Користете сода бикарбона на влажна крпа при чистење на кујнски шанкови, мијалници, прозори и површините во вашиот фрижидер или замрзнувач.

**ДЕТЕРГЕНТ ЗА МАШИНА ЗА МИЕЊЕ НА САДОВИ** Користете чист сапун при миење на садови и додадете бел оцет во водата за плакнење за чашите да светат повеќе.

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕРНИ** Избегнувајте да користите каустично средство за чистење на рерните. Избришете ја рерната додека е се уште топла со насапунета крпа.

## Во дневната соба

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ТЕПИСОНИ** Попрскајте го тепісонот со сода пред да го чистите со правосмукалка за да ги отстраните непријатните мириси. Содата исто така е многу добро средство за отстранување на флеки. Едноставно исчистете го тепісонот со правосмукалка или исчеткајте го кога ќе се исуши.

**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ПРОЗОРИ** Додадете половина шолја оцет на еден литар топла вода за да направите ефикасно средство за чистење на прозори. Ако прозорецот е посебно валкан, прво измијте го со млака насапунета вода. Користете истуткана хартија навлажена со оцет за да добиете убав сјај.





## Во пералната

**СРЕДСТВО ЗА БЕЛЕЊЕ** Ставете една шолја со сок од лимун во кофа наполнета до половина со вода и оставете ги алиштата да киснат преку ноќ, или заменете половина шолја боракс на едно перење во машина за да ги избелите белите работи и да ги освежите обоените.

**СРЕДСТВО ЗА ВАДЕЊЕ ФЛЕКИ** Користете евкалиптусово масло за да ги отстраните флеките пред перење. Едноставно ставете неколку капки и оставете да се изветрее маслото.

**ДЕТЕРГЕНТ ЗА ПЕРЕЊЕ** За да направите ефтин, еколошки и безбеден детергент, измешајте една третина од калап чист сапун (изрендан) со една третина од шолја сода бикарбона. Растворете го тоа во жешка вода во кофа и додадете уште вода. Смесата ќе се згусне во вид на мек гел. Користете 2 – 3 шолји на перење.

## Во автомобилот




**СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА АКУМУЛАТОРИ** Исчистете ги клемите на акумулаторот со мешавина од 2 кафени лажички сода бикарбона со 1 литар вода и користете обилно. Ако околу основата на клемите намачкате вазелин, тоа ќе спречи понатамошно создавање на талог.

**ПАСТА ЗА ПОЛИРАЊЕ** Измијте го автомобилот како и секогаш. Оставете го да се исуши, после тоа испрскајте ја надворешната површина на автомобилот со пченкарно брашно. Полирајте го навнатре и нанадвор за да му дадете дополнителен сјај.

**ПАСТА ЗА ПОЛИРАЊЕ НА ХРОМ** Користете брашно или сода бикарбона со сува, чиста крпа.

**СРЕДСТВО ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА КАТРАН** Навлажнете крпа со евкалиптусово масло и тријте додека не се исчисти.

**УШТЕ НЕКОЛКУ ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ** Отстранете го оној мирис на нов автомобил со тоа што ќе ги избришете површините од винил со јак раствор од оцет, и добро проветрете го автомобилот. Мека крпа навлажнета со оцет е многу добра за чистење на шофершајбната и на прозорите. Отворена кутија со сода бикарбона ги апсорбира мирисите, посебно мирисот од куче и застоениот мирис од цигари. И не заборавајте да го миете автомобилот на тревникот!

Постојат многу добри публикации за чистење со еколошки средства и за природните алтернативи на хемиските средства за чистење. Побарајте ги во локалната библиотека, во Australian Consumers Association (Здружение на потрошувачите на Австралија), во локалниот центар за еколошки работи или во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) на 131 555

Department of
Environment and Conservation (NSW)
www.environment.nsw.gov.au

our environment it's a living thing

ISBN 1 74137 619 X 2006/232 Отпечатено на рециклирана хартија